Ул. Димитрие Чупоски 25/1 - 1000 Скопје - www.romalitico.org - romalitiko@gmail.com - St. Dimitrie Cuposki 25/1 - 1000 Skopje

# ***Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико***

## Кодекс на однесување на вработените во Ромалитико

### *Член 1*

Со етичкиот кодекс се уредува начинот на однесувањето и работењето на вработените во организацијатта , се цел да се обезбеди почитување на принципите на организацијата, професионалниот интегритет , ефикасност и лојалност при извршувањето на активностите на организацијата

### *Член 2*

(1)Вработените во организацијата ги извршуваат должностите во согласност со описот на работното место , статусот и стратешките цели на организацијата.

(2) Вработените во организацијата ги извршуваат своите работни обврски совесно,ефикасно, навремено и професионално ниво.

(3) Вработените во организацијата нема да се ангажираат во какви и да било активности што се спротивни на програмските цели и ќе сторат се за да ги избегнат ситуациите и однесувањата што можат да наштетат на интересите и угледот на организацијата во која се вработени .

(4) При контактите со физички лица и други организации, вработените се однесуваат на начин кој овозможува да се воспостават односи на заемна доверба и соработка меѓу овие субјекти и администрацијата/

### *Член 3*

(1) Вработените при извршувањето на работните задачи нема да се раководат од пристрасност за остварување на определни разултати

### *Член 4*

Програмските менаџерите на организацијата донесуваат самостојни одлуки за аплицирање на проекти , спроведувањето на програмата , со претходна координација на извршниот директор на организацијата.

### *Член 5*

(1) Вработените се должни сите информации/податоци добиени или споделени со Ромалитико да ги чуваат во тајност.
(2) Вработените ги класифицираат податоците во посебна архива наменета за вакви податоци.
(3) Споделување на информации/податоци од архивата се врши по претходна согласност со извршниот директор.

### *Член 6*

Вработените ќе ги извршуваат своите должности и зацртаната политика на организацијата во која се вработени на неутрален начин , без никаква политичка вклученост или дејстувување во некоја од политичките партии.

### *Член 7*

Вработените нема да го застапат или изразат своето политичко уверуање во извршувањето на своите работни обврски .

(1) Како непрофитна организација, Ромалитико на сите свои вработени кога делуваат во професионално својство, им забранува директно или индиректно учество во политички кампањи и активности, во нивно име или на име на друг кандидат за јавна функција. Ромалитико исто така им забранува партиски активности на високиот персонал без разлика дали тие дејствуваат во индивидуален капацитет и во нивно слободно/приватно време.

### *Член 8*

(1) Вработените нема да вршат полтички активности кои може да ја поткопаат довербата на граѓаните во нивната спосбност да ги извршуваат службените должности на непристрасен начин

(2) Вработените нема да ги обрврзат , наведат или упатат лица  да се придружат кон одредена политичка партија .

### *Член 9*

(1) Вработените нема да дозволат личниот финансиски интерес да дојдат до конфликт со неговата положба и статус на вработен .

(2) Финансискиот интерес вклучува каква било корист за вработениот , за неговото семејство, роднините, пријателите , за физички и правни лица со кои има деловни врски .

(3) Вработените во Ромалитико мора да одбегнуваат појава и случаи на конфликт на интерес. Истите не смеат никогаш да се вклучат во активности коишто може да го нарушат угледнот, кредибилитетот и независноста на организацијата. Сите вработени се должни да побараат претходно одобрување од страна на нивниот претпоставен пред да се вклучат во некоја активност која што може да предизвика потенцијален конфликт на интерес, вклучително и зачленување во групи, одбори или здруженија коишто можат да го доведат во прашање кредибилитетот и независноста на Ромалитико.

### *Член 10*

(1) Вработените ниту бараат, ниту прифаќаат , за себе или за други , подароци , услуги, помош  или каква било друга корист која би можела да влијае на неговите/нејзините решенија  во одредени работи или да го корумпира неговиот професионален пристап кон одредени работи.

(2) Вработените не прифаќаат подароци или благодарност што би можеле да се сметаат за награда за работата  за чие извршување е негова должност.

### *Член 11*

Вработените ќе ги вложат сите напори за да обезбедат максимално, ефективно и економично управување и користење на материјалните средства , опремата и другите предмети  што им се доверени на располагање.

### *Член 12*

Вработените  се грижат за преземање на соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети и за отстранување на можностите за предизвикување на материјална штета  во организацијата наде што се вработени.

### *Член 13*

Вработените освен од оправдани причини , нема да го одложат или да го доверат на други вработени вршењето на активностите или донесувањето одлуки кои се од негова/нејзина одговорност .

***Член 14***

Почитувајќи го работното време , вработените ќе посветат соодветно време и енергија на извршувањето на предвидените обрврски и задачи.

***Член 18***

(1) Вработените нема да ги користат за приватни цели предметите или опремата, која им е дадена на располагање на извршување на своите обврски.

***Член 18***

За да осигураме дека информациите/податоците што ги генерираме се од најголема вредност за граѓаните и креаторите на политиките, Ромалитико е посветен на спроведување на истражувања на начин кој е непристрасен, отворен и ги исполнува највисоките стандарди на методолошки интегритет.
(1) Во спроведување на истражувања и анализи се користат само оние алатки и методи на анализа кои, според нашето професионално расудување, се добро прилагодени за истражувачкото прашање кое е предмет на изработка.
(2) Вработените ги опишуваат своите наоди и методи точно и со доволно детали за да им дозволиме на аутсајдерите да го оценат кредибилитетот на нашите резултати.
(3) Ако се откријат грешки кои влијаат врз квалитетот, точноста или интегритетот на нашите јавно објавени податоци или анализи, ние сме посветени на поставување на запис директно преку коригираните податочни датотеки, ревидираното известување и известување до читателите.

***Член 19***

(1) Во случаи на јавен настап, вработените ќе се воздржат од давање на јавни изјави што се штетни за угледот на организацијата .

***Член 20***

Овој кодекс на однесување влгеува во сила од денот на неговото потпишување од страна на извршниот директор , вработените во организацијата.

Датум
09.01.2019

Извршен директор
Суад Скендери

Институт за истражување и анализа на политики Institute for Research and Policy Analysis РОМАЛИТИКО ROMALITICO * SKOPJE * СКОПЈЕ